**З А П И С Н И К**
**од 43-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 27 ми февруари 2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата беа присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 43 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 16 точки.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година;
2. Годишен Извештај на Општина Валандово за 2024 година;
3. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година;
4. Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2024 година;
5. Финансиски извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година;
6. Завршни сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2024 година;
7. Завршни сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2024 година;
8. Завршни сметки на ООУ„Страшо Пинџур” Јосифово за 2024 година;
9. Предлог – Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година;
10. Предлог – Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година.
11. Завршни сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2024 година;
12. Одлука од УО на ЈОУДГ Калинка Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка” Валандово;
13. Предлог – Одлука за давање на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис” Валандово;

14. Предлог – Одлука за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово;
15. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности;
16. Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година.

Беше отворена расправа по дневниот ред.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 15 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Годишната  сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година  детално образложение имаше  Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека се надева дека нема да биде лошо сфатен. Рече дека во Завршната сметка претставено е позитивно работење во однос на приходите и расходите и смета дека вишокот на средства се должина тоа дека немало доволно проекти за реализирање на истите .Рече дека секогаш може подобро и покрај тоа што има висок процент  на  реализацијата на  приходи и расходи.

Градоначалникотсе јави за репликаи замоли, за да не биде советникот Тоше Тодоров погрешно сфатен, да објасни што сакаше да каже.

Немаше никој  друг пријавено за дискусија, па точката  беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ  и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Годишниот  Извештај на Општина Валандово за 2024 година немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година детално образложение имаше  Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој  не беше  пријавен за дискусија, па точката  беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година образложение даде директорот на ЈП Комунален сервис, Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека гледајќи го Извештајот од ЈП може да се забележи дека како што претходниот квартален извештај беше позитивен , сега не е позитивен што беше и очекувано. Во приходите стои отпис на долгови по картица по побарувања и тоа е 3 475 202 денари. Праша зошто токму оваа година се отпишуваат овие побарувања, а тоа не се малку средства, зошто не биле наплатени досега , тоа се големи средства, 1 400 000 денари кои се средства на граѓаните.

Глигорије Џилвиџиев даде одговор дека ова се средства кои Општина Валандово преку ЈП ги плаќа за долгот на ЕВН . Во делот за отпис, рече дека тоа се побарувања од 10-15 години и тие се провлекуваат сите овие години. Фирмите кои ги направиле овие долгови веќе не постојат,а зошто не се наплатиле,треба да се прашаат поранешните директори на ЈП.

Никој друг не беше пријавен за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ. Еден советник како вработен во ЈП се иззема од гласањето.

ТОЧКА 5

По Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

ТОЧКА 6

По Завршните сметки на СОУ„Гоце Делчев" Валандово за 2024 година образложение имаше Мила Дончева, вработена во училиштето.

Беше отворена расправа.

Немаше никој пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ. Еден советник кој беше вработен во СОУ ,,Гоце Делчев,, беше воздржан од гласање.

ТОЧКА 7

По Завршните сметки на ООУ„Јосип Броз Тито" Валандово за 2024 година немаше никој пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Завршните сметки на ООУ„Страшо Пинџур" Јосифово за 2024 година немаше никој пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог – Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година

немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 10

По Предлог – Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека имаме вратен елаборат поради техничка грешка. Дали се работи за техничка грешка или не, не е битно, но рече дека го интересира колку е рокот за праќање на истиот и дали доколку се задоцни со праќањето, истиот може да биде одбиен и кој ќе сноси одговорност доколку биде одбиен.

Градоначалникот одговори дека одговорноста ќе ја сноси тој и сите други советници, бидејќи на седница на Совет го гласале елаборатот со тие забелешки. Појасни дека треба да бидат корегирани некои технички работи и истиот да се врати назад, а тоа е во интерес на земјоделците што претрпеле штета.

Процедурално праша кои се забелешките кон општинските училишта и зошто не ги гласаа нивните завршни сметки, без никакво образложение. Што не е во ред со нив и зошто не гласаа ЗА.

Тоше Тодоров одговори дека поради тоа што гласаа против Завршната сметка на ОВ, а тие се дел од неа, па затоа гласаа ПРОТИВ и за нив. И тоа дека тие имаат средства на располагање од буџетот на дотации и можеа да ги искористат во поголема мера. А кај нив има останато средства кои можеле да ги искористат. Рече дека кога има од некои луѓе прашање зошто во летниот период не работат рефлекторите на спортските терени за да може децата да се рекреираат во вечерните часови, градоначалникот им вика дека не дозволуваат директорите на училиштата. Сега се гледа дека имало средства да се покрие сметката за електрична енергија. Овие изговори дека не дозволуваат директорите, а нив ги назначува градоначалникот, делува како градоначалникот да ги тера да ги заштедуваат средствата. Во однос на елаборатот рече дека знае дека е во интерес на сите граѓани и не е спорно тоа што гласале ЗА , и повторно ќе гласаат ЗА се со цел во поголем процент да бидат обештетени граѓаните, но тој прашува дали ќе има одговорност од луѓето кои што ја работеле техничката документација.

Градоначалникот повторно праша зошто минатата година гласале ПРОТИВ завршната сметка на ОВ, а ЗА за Завршните сметки на училиштата, дали поради тоа што беа укорени сега гласаат спротивно и побара да каже јавно на кој му има кажано да не ги уклучува рефлекторите и да не се шпекулира. Рече дека нашите општински училишта се пример за домаќинско работење и за нив не се издвојуваат дополнителни средства од општинскиот буџет, иако блок дотациите од централната власт може и да бидат поголеми. Рече дека тие средствата ги користат максимално домаќински .Го обвини за тоа дека е

ПРОТИВ за се што е Валандовско и се што е успешно. И праша повторно зошто минатата година спротвивно од сега , гласале ЗА завршната сметка на училиштата,а оваа година гласат ПРОТИВ завршната сметка на училиштата или по што тоа минатата година училиштата добро го сработија, а сега не се сработи толку добро и праша да се каже кој е неговиот извор на лажни вести за да може да се интервенира.

Реплика упати Тоше Тодоров. Рече дека ако се вратат стенограмите од минатата година ќе се види како гласале советниците на ВМРО ДПМНЕ, а гласале исто како и оваа година. А во однос на тоа како го брифираат него и дали тој шири шпекулации, рече дека нема да падне на нивото да дискутира дека тие шират негативна енергија и им смета се што се работи. Рече дека опозицијата е тука за да ги корегира работите и да се направи подобро општество за сите.Рече дека нема ништо лошо во тоа нешто да се коментира и да се покаже дека има и друга страна.

Градоначалникот се јави за контрареплика. Го праша советникот како прави подобро општество кога гласа ПРОТИВ отварање на нова детска градинка во општина Валандово.

Збор зема Владимир Марков. Во однос на елаборатот рече дека се работи за техничка гешка, за ништо друго, за начин на кој ќе биде напишана вкупната сума.Важно е граѓаните да слушнат и да не помислат дека се работи за грешка во елаборатот и да се обвинува Општината доколку не се исплатат тие штети. ОВ има обврска само да го изготви елаборатот и да го достави до Владата, а средствата се одобруваат директно од Владата. Им сугерираше на опозицијата да лобираат, дали директно или преку нашиот претставник во Владата да се одобрат средствата во што поголем процент да се исплатат, бидејќи луѓето навистина имаа штети. Претходниот елаборат за штетата која беше направен за невремето во атарот на с. Собри во 2022 година , беше одобрен во многу мал процент и беа исплатени многу мали износи од страна на Владата. Сега рече дека тие имаат прилика да реагираат, а рокот нема да се испушти и елаборатот ќе биде навреме испратен, со сугестиите од нивна страна.

Градоначалникот се јави процедурално. Рече дека ако треба да има одговорност, таа ќе биде на Советот на Општина Валандово. Рече дека е смешно од страна на советник да се поставува такво прашање, бидејќи истиот тој Совет ја формира Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди и таму има членови од сите политички партии. Изработката на елаборатот е нивна и треба да си ги прашаат своите членови. Рече дека не може да се спушти на пониско ниво бидејќи воопшто нема ниво кога се дискутираат небулози.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на дневен ред и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2024 година немаше пријавено за дискусија. Истата се стави на гласање и се изгласа со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Одлуката од УО на ЈОУДГ Калинка Валандово за усвојување на Пречистен текст на Статутот на ЈОУДГ „Калинка" Валандово година немаше пријавено за дискусија. и беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлука за давање на користење, одржување и управување на Водоводен систем за с.Калково – резервоар (фаза 1) на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово беше отворена расправа.

Градоначалникот побара збор. Рече дека кога се дискутираше за завршната сметка советникот Тоше Тодоров во неговата дискусија кажа една реченица дека ОВ нема доволно проекти. Рече дека ОВ има изготвено една цела брошура со реализирани проекти и го повика советникот да дојде во Општината за да му ја даде, за да не се губи време на седницата да се читаат сите проекти.Рече дека ова е точка е еден многу важен проект за граѓаните од с. Калково кој ќе се гради со средства од Министерството з транспорт и врски и Министерство за животна средина. И рече дека кога тој беше советник и не му се случило ниеднаш да гласа ПРОТИВ проект кој е за доброто на граѓаните. Рече дека советникот Тоше Тодоров е целосно залутан во Советот.

За реплика се јави советникот Тоше Тодоров. Рече дека градоначалникот сака да навредува и нека му е на чест, но тоа не го погодува. Рече дека треба да го запраша дали има други проекти кои треба да се работат во иднина, и ако се мисли на асфалтирање на улици како капитален проект, рече дека ќе имаме многу асфалтирани улици, но нема да има кој да чекори по нив, ќе останат празни. Ќе имаме и културни домови но и тие ќе бидат празни.

Градоначалникот се јави за контрареплика. Рече да се прашаат граѓаните дали асфалтирањето на улиците не е капитален проект и не ги подобрува условите за живот на граѓаните. Рече дека ОВ на повикот на Владата на РСМ ќе аплицира за затворен базен, ќе аплицира за промена на водоводната линија во градот, за улица кај пекарата Биоприн, за реконструкција на ЈП Комунален сервис, за загревање на културниот дом идр. Повтори дека има многу повеќе изготвени проекти од тоа што има одобрени средства.Замоли да не се манипулира јавно, бидејќи со тоа го навредува него и сите граѓани на општината.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлуката за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово образложение даде градоначалникот.

Никој не се јави за збор, па Предлог – Одлуката за давање на времено користење и одржување на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Општински против пожарен сојуз Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Предлог – Одлуката за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности никој не се јави за збор, па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 16

По Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година.

Градоначалникот на општината даде детално образложение на Програмата и нејзината содржина. Меѓу другото рече дека со носењето на ГУП и ДУП се овозможува траен развој на Општината. Го праша советникот тоше Тодоров зошто од страна на нашите претставници не се гласаше за пречитителна станица која вреди 4 000 000 денари, а е за доброто на сите граѓани на општината.

Тоше Тодорив се јави за дискусија. На прашањето од градоначалникот зошто во Собранието не се гласаше за пречитителна станица, рече дека сигурно за тоа си имаат издржани одговори зошто не гласале . Рече дека тој предлага сите средства да се доделат на градоначалникот на Општина Валандово и тој да гради што намислил , затворени базени исл. Бидејќи како што кажа тој се грижи за граѓаните и тој сака тука да живее, а ние другите не живееме тука. Рече дека го погодува тоа што сите капитални инвестиции градоначалникот си ги препишува како своја заслуга , а средствата се на сите граѓани, никој не ги донел од дома.

Градоначалниот се јави за реплика. Рече дека средствата се на сите граѓани и инвестирањето во развојот на Општината е на сите граѓани и тој постојано апелира да се работи заедно и да се споделуваат успесите и да не се делат луѓето по партиска основа. Рече дека тој не сакал да превземе ниту еден капитален објект што е направен во Општина Валандово, бидејќи тој припаѓа на сите граѓани. Рече дека и тој би бил среќен доколку би се дале сите средства на ОВ да се обнови целата инфраструктура. Им порача на советниците од опозицијата да се изборат за што повеќе средства, а бенефициите ќе ги користат сите граѓани на Општината.

Никој друг не се јави за збор, па Предлог – Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Претседател

Записничар на Совет на Општина Валандово

Соња Христова Јовановиќ Владимир Марков